| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Од зрно до леб |
| **Содржина на денот** | Како се прави леб |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во домо, градинката и поширокота околина.<br>Пред да се приготвува разновидна храна во кујната мора да се оддржува хигиена, да се измијат рацете, добро да се дезинфицираат и да се прибере долгата коса. |
| **Активност** | Оваа активност на детето може да му биде посебно забавна и интересна и тоа во Вашата кујна каде ќе подготвувате печено лепче или некоја омилена пита на детето.<br>Најпрво разговарајте со детето за тоа од што настанува брашното и каков е процесот додека настане лебот. Притоа можете да му покажете како изгледа пченицата. Прочитајте му некоја книга или пак да проследите некој видео запис за тоа како настанува лебот.<br>Во прилог следува интересен видео запис насловен како:„Од зрно до погача".<br>https://youtu.be/MExQ_lwElJM<br>Потоа во Вашата кујна можете да му дадете на детето брашно кое ќе го ставите во некој сад каде детето ќе може да го допира и да ја истражува неговата структура. Додека го допира и истражува брашното дозволете му да го опишува со целосни и јасни реченици.<br>Потоа покажете му како се прави вкусен леб. Потребно ви е 1 кг. брашно, 300мл. топла вода, 1 свеж квасец, малку сол и масло за јадење.<br>Во топлата вода растворете го квасецот и додадете го брашното, малку сол и малку зејтин, потоа измесете ја смесата. Можете да му дадете и на детето да моделира со тесто, откинете дел од тестото и дајте му на детето да направи |

| | |
|---|---|
| | некоја фигура.<br>Тестото треба да постои околу половина час на собна температура, најпрво се обликува во форма на леб и се става во тавче намачкано со малку масло за јадење, а потоа да се пече во загреана рерна на 200 степени.<br>На следниот линк можете да проследите уште еден рецепт и начин на приготвување вкусен леб.<br>https://youtu.be/6B_xsp66ays<br>Децата се горди на она што тие самите го направиле или барем вмешале прсти во тоа.Ј адете вкусно печено лепче заедно со Вашето дете, тоа долго ќе го памети, а пред се ќе ја зајакне самодовербата и позитивните емоции кај него.<br>Доколку детето покаже повеќе внимание и интерес за оваа активност, можете да направите некое уметничко дело од зрна пченица или некои други житни зрна. За таа активност ќе ви биде потребно лист и течен лепак.<br>Додека работите со Вашето дете можете да ја слушата песната:„Едно зрнце мало“ во исполнување на Александар Митевски, од фестивалот „Златно Славејче“.<br>На следниот линк можете да ја погледнете песната:<br>https://youtu.be/YwI66C_Do_w |